ГРАЃАНИНОТ НА ПРВО МЕСТО

# СТАНДАРДИ ЗА Е-ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Европска Унија

British Embassy Skopje

Проектот е финансиран од Европската Унија и кофинансиран од Британската амбасада Скопје

Центар за Управување со Промени

АЛКА

**Издавач:**
Центар за управување со промени,
Центар за одржлив развој – АЛКА

**За издавачот:**
Неда Малеска Сачмароска, Центар за управување со промени
Елизабета Ѓорѓиевска, Центар за одржлив развој – АЛКА

**Автор:**
Мартин Тодевски

**Соработници:**
Министерство за локална самоуправа,
Ели Чакар, државен советник

Министерство за информатичко општество и администрација,
Гордана Гапиќ Димитровска, раководител на одделение

**Лектура:**
АД ВЕРБУМ Скопје

**Дизајн и печатење:**
Бригада дизајн

**Тираж:**
600 примероци

(Бесплатен/некомерцијален тираж)

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

**352:004.738.5(497.7)**

ТОДЕВСКИ, Мартин

Стандарди за е-транспарентност во единиците на локалната самоуправа/
[автор Мартин Тодевски]. - Скопје : Центар за управување со промени, 2017. -
20 стр. : илустр. ; 24 см

Публикацијата е во рамки на проектот: „Граѓанинот на прво место“

**ISBN 978-608-4818-17-5**

а) Локална самоуправа - Веб страници - Пристап до информации - Македонија

COBISS.MK-ID 103268618

Европска Унија

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Центарот за управување со промени и Центарот за одржлив развој – АЛКА и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

British Embassy
Skopje

Подготовката на оваа публикација беше овозможена со поддршка на Британската амбасада Скопје во рамките на проектот – Граѓанинот на прво место. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада.

# СОДРЖИНА


1 Вовед 3
2 Стандарди за веб-транспарентност – Преглед на информациите по области за објавување на веб-страниците на ЕЛС 4
2.1 Јавни финансии 4
2.1.1 Трошоци во вредност над 30.000,00 денари 4
2.1.2 Информации за јавни набавки 4
2.1.3 Буџет на ЕЛС 5
2.1.4 Завршна сметка 5
2.1.5 Граѓански буџет 5
2.2 Совет и администрација на ЕЛС 5
2.2.1 Статут на ЕЛС 5
2.2.2 Членови на совет 5
2.2.3 Деловник за работа на советот 5
2.2.4 Седници на советот 5
2.2.5 Комисии/тела на Советот 6
2.2.6 Службени гласници 6
2.2.7 Усвоени стратешки документи 6
2.2.8 Администрација на ЕЛС 6
2.2.9 Урбани и месни заедници 6
2.2.10 Слободен пристап до информации од јавен карактер 6
2.2.11 Контакт-лице за лица со попреченост 6
2.3 Проекти во ЕЛС 7
2.4 Услуги 7
2.5 Образование 8
2.5.1 Основни училишта на територијата на општината 8
2.5.2 Средни училишта на територијата на општината 8
2.6 Култура 9
2.6.1 Објекти/институции од областа на културата на територијата на општината (локални и национални) 9
2.6.2 Споменици и спомен-обележја на територија на општината 9
2.7 Спорт 9
2.7.1 Спортски објекти на територијата на ЕЛС (јавни и приватни) 9
2.7.2 Спортски клубови на територијата на ЕЛС 9

**2.8 Животна средина 10**
2.8.1 Загадувачки супстанции во воздухот во општината 10
2.8.2 Загадувачи од Б категорија на територијата на општината 10
2.8.3 Производство на отпад 10
2.8.4 Доделени Б интегрирани еколошки дозволи 10
**2.9 Локален економски развој 11**
2.9.1 Субјекти кои нудат угостителски услуги на територијата на општината 11
2.9.2 Субјекти кои нудат туристички услуги на територијата на општината 11
**2.10 Урбанизам 11**
2.10.1 Предлог генерални/детални урбанистички планови 11
2.10.2 Усвоени генерални/детални урбанистички планови 11
2.10.3 Јавен транспорт 11
2.10.4 Паркинзи на територијата на општината 12
2.10.5 Издадени одобренија за градба 12
**2.11 Комунални дејности 13**
2.11.1 Превозници и моторни возила регистрирани за вршење превоз на патници и стока во патниот сообраќај 13
**2.12 Социјална заштита 13**
2.12.1 Установи за социјална заштита на различни категории граѓани (локални и национални) на територијата на општината 14
2.12.2 Корисници на еднократна парична помош 14
**2.13 Детски градинки и домови за стари лица 14**
2.13.1 Детски градинки 14
2.13.2 Домови за стари лица 14
**2.14 Граѓански организации кои дејствуваат на територијата на општината 14**
2.14.1 Листа на граѓански организации кои дејствуваат на територијата на општината 14
2.14.2 Проекти со граѓански организации 14
**3 Отворени податоци на ЕЛС: ПРЕГЛЕД на податочните сетови и структура на податочните сетови 15**

# ВОВЕД 1.

Имајќи ги предвид принципите на добро управување и определбите за поттикнување на граѓанското учество на локално ниво со зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на органите на единиците на локалната самоуправа – градоначалникот и советот – како и на локалната администрација, а воедно поаѓајќи и од можностите на модерните технологии за катализирање на овој процес, овој документ има цел да ги утврди стандардите за е-транспарентност, или информациите и податоците коишто единиците на локална самоуправа (ЕЛС) треба да ги објавуваат на своите веб-страници во наративна форма, како и во форма на отворени податоци.

Целта е на овој начин да се поддржат ЕЛС во нивните напори за целосна имплементација на законските обврски коишто произлегуваат од Законот за локалната самоуправа за редовно информирање на јавноста од страна на органите на општината (градоначалникот и советот), комисиите на советот и јавните служби основани од општината, за нивната работа, како и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на општината. Исто така, единиците на локална самоуправа се должни на граѓаните да им овозможат пристап кон основните информации за услугите што им ги обезбедуваат.

Воедно, Законот за користење на податоците од јавниот сектор (Сл. весник на РМ, бр. 27/2014) ја утврдува обврската на органите и институциите од јавниот сектор за јавно објавување на податоците кои ги создаваат при остварувањето на своите надлежности согласно со закон, со цел да овозможат користење на тие податоци од страна на правни или физички лица за создавање нови информации, содржини, апликации или услуги, и тоа во формат на отворени податоци согласно техничките можности на институциите.

Прегледот на информациите кои треба да се објавуваат на веб-страниците, како и во форма на отворени податоци, е направен врз основа на законските надлежности на ЕЛС, и од обврските коишто произлегуваат од одделни закони да создаваат податоци, преку водење регистри и евиденции. Притоа земен е предвид и интересот на граѓаните/граѓанските организации за добивање одредени информации и податоци кои им се особено важни за обезбедување транспарентност и отчетност и за нивно вклучување во процесите на креирање политики на локално ниво, како и информациите за коишто граѓаните сметаат дека ќе им го олеснат пристапот до јавните услуги.

Исто така, опфатени се и информации/податоци за коишто интерес покажала бизнис-заедницата, особено за нивно објавување во отворен формат, со цел нивно користење за создавање апликации корисни за граѓаните и за развојот на локалната заедница, притоа остварувајќи додадена економска вредност во општеството.

Крајна цел е, преку аплицирање на стандардите за е-транспарентност во сите единици на локалната самоуправа, да се обезбеди изедначено објавување на предвидливи информации и податоци важни за граѓаните и корисни за бизнис-заедницата.

По примерот на добрите практики во земјите членки на Европската Унија, имплементацијата на стандардите за е-транспарентност треба да обезбеди транспарентно и отчетно управување на локално ниво и да го поттикне граѓанското учество.

Документот е поделен во два дела. Првиот дел ги опфаќа информациите кои треба да се објавуваат на веб-страниците на ЕЛС, поделени по области, со соодветен временски период на ажурирање и утврдена содржина. Вториот дел ги опфаќа оние информации/податоци кои може да се објават во формат на отворени податоци, притоа утврдувајќи ги податочните сетови, структурата на податочните сетови и временскиот период на нивно ажурирање.

Информациите и податоците кои се објавуваат е препорачливо да се објавуваат родово разделени, онаму каде тоа е возможно.

Од аспект на подобрување на пристапноста до информациите преку веб, веб-страниците на единиците на локалната самоуправа треба да бидат веб-пристапни, односно да бидат усогласени со водичот за пристапност на веб-содржини WCAG 2.0, објавени од Иницијативата за веб-пристапност (WAI) на конзорциумот W3C[1]. Се препорачува да биде исполнето нивото АА на овој водич за веб-пристапност, со цел обезбедување соодветен пристап за лица со инвалидност кои користат помошни технологии за работа со компјутери и интернет.

[1] https://www.w3.org/WAI/intro/wcag

# 2. Стандарди за веб-транспарентност – Преглед на информациите по области за објавување на веб-страниците на ЕЛС

## 2.1 Јавни финансии

### 2.1.1 Трошоци во вредност над 30.000,00 денари

**Опфаќаат:**

- Плаќање по фактури
- Плаќање за набавени производи и услуги
- Доделени грантови
- Режиски трошоци
- Закупнина
- Кредитни обврски
- Трансакции кон други институции

За секој направен трошок во вредност над 30.000,00 денари, ЕЛС ги објавуваат следните податоци:

- Датум на направен трошок/плаќање
- Правно лице/Физичко лице кон кое е извршено плаќањето
- Вредност на трошокот во денари
- Основ за трошокот

**Ажурирање:** Месечно

### 2.1.2 Информации за јавни набавки

Се објавува годишниот план за јавни набавки со следните податоци:

- Реден број на постапката
- Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба
- Шифра од ОПЈН
- Очекуван почеток на постапката (месецот кога ќе се објави огласот)
- Проценета вредност на договорот/рамковната спогодба

**Ажурирање:** Со донесувањето на годишниот план за јавни набавки

За секоја објавена јавна набавка, да се објават следните податоци:

- Број на оглас
- Предмет на договорот за јавна набавка
- Проценета вредност на договорот (без ДДВ – денари)
- Вид на постапката која се користи
- Критериум за доделување на договор
- Тендерска документација
- Рок за доставување понуди
- Линк до ЕСЈН

**Ажурирање:** Со објавувањето на јавната набавка на ЕСЈН

За секој склучен договор по спроведена јавна набавка, да се објават следните податоци:

- Број на договор (архивски број на договорниот орган)
- Предмет на договорот
- Спроведена по број и датум на постапка за јавна набавка
- Назив на носителот на набавката со кој е склучен Договорот
- Вредност на договорот (без ДДВ – денари)

**Ажурирање:** Квартално

### 2.1.3 Буџет на ЕЛС

Се објавува предлог-буџетот на ЕЛС и усвоениот буџет на ЕЛС во форма и структура согласно Законот за буџетите.

**Ажурирање:** Годишно, по подготвувањето на предлог-буџетот, односно усвојувањето на буџетот

ЕЛС ги објавува сите донесени ребаланси на буџетот.

### 2.1.4 Завршна сметка

Се објавува веднаш по нејзиното усвојување, во форма и структура согласно Законот за буџетите.

Ажурирање: По нејзиното усвојување

### 2.1.5 Граѓански буџет

Се објавува во форма на програмски буџет, веднаш по усвојувањето на Буџетот.

**Ажурирање:** Годишно, по усвојувањето на Буџетот

## 2.2 Совет и администрација на ЕЛС

### 2.2.1 Статут на ЕЛС

Се објавува статутот на ЕЛС.

**Ажурирање:** Со настаната промена

### 2.2.2 Членови на совет

Се објавуваат информации за сите членови на советот на ЕЛС, и тоа за секој член:

- Име и презиме
- Фотографија
- Национална припадност
- Пол
- Степен на образование
- Партија
- Е-пошта
- Контакт-телефон

**Ажурирање:** По секоја настаната промена

### 2.2.3 Деловник за работа на советот

ЕЛС го објавува Деловникот за работа на советот.

**Ажурирање:** Со настаната промена

### 2.2.4 Седници на совет

Се објавуваат информации за сите седници на советот на ЕЛС, во преглед кој најмалку содржи:

- Година
- Број
- Датум
- Редовна/Вонредна
- Дневен ред
- Записник од одржаната седница

**Ажурирање:** По секоја одржана седница

ЕЛС објавува најава на седница истовремено со нејзиното закажување, со информации за бројот на седница, датумот на одржување и дневниот ред на седницата.

ЕЛС објавува записници од одржаните седници.

ЕЛС објавува формулар за пријавување на присуство на седницата за заинтересираните страни.

### 2.2.5 Комисии/тела на Советот

Се објавуваат информации за сите тела на советот, со преглед кој најмалку ги содржи следните податоци:

- Назив на комисијата/телото
- Име и презиме
- Функција (претседател/член)
- Е-пошта
- Контакт-телефон

**Ажурирање:** Со настаната промена

ЕЛС објавува најава на седниците на телата на Советот истовремено со нивното закажување со информации за бројот на седницата, датумот на одржување и дневниот ред на седницата.

ЕЛС објавува записници од одржаните седници.



### 2.2.6 Службени гласници

Се објавуваат сите службени гласници донесени од Советот на ЕЛС.

Се објавува преглед на донесените службени гласници, кој најмалку треба да содржи:

- Година
- Број
- Датум
- Линк до објавен службен гласник

**Ажурирање:** По објавување на службениот гласник

### 2.2.7 Усвоени стратешки документи

Се објавуваат сите усвоени стратешки документи кои се усвоени од ЕЛС. За усвоените стратешки документи се објавува називот на документот и се обезбедува електронски пристап до него.

**Ажурирање:** По секоја настаната промена

### 2.2.8 Администрација на ЕЛС

За администрацијата на ЕЛС, се објавува:

- Контакт-информации за раководителите на секторите на ЕЛС (име и презиме, функција, контакт-телефон и е-пошта)
- Органограм
- Систематизација

**Ажурирање:** Годишно

### 2.2.9 Урбани и месни заедници

За сите урбани и месни заедници во ЕЛС, се објавува:

- Назив на урбаната/месната заедница
- Контакт-информации за Претседателот и членовите на урбаната/месната заедница
- Адреса
- Е-пошта
- Контакт-телефон

**Ажурирање:** Годишно

### 2.2.10 Слободен пристап до информации од јавен карактер

Во делот за слободен пристап до информации од јавен карактер се објавува:

- Службено лице за слободен пристап до информации од јавен карактер (име и презиме, контакт-телефон, е-пошта, адреса)
- Листа на информации од јавен карактер
- Образец за поднесување на барање

**Ажурирање:** Со настаната промена

### 2.2.11 Контакт-лице за лица со попреченост

ЕЛС ги објавува информациите за одговорното контакт-лице за лица со попреченост, и тоа:

- Име и презиме
- Контакт-телефон
- Е-пошта

**Ажурирање:** Со настаната промена

## 2.3 Проекти во ЕЛС

Се објавуваат следните податоци за сите проекти на ЕЛС:

- Назив на проектот
- Опис на проектот
- Период на реализација
- Вредност на проектот
- Учество на општината во вредноста на проектот (процент)
- Статус на проектот (Во план / Во тек / Реализиран)

**Ажурирање:** По секоја настаната промена

## 2.4 Услуги

Се објавуваат информации за сите услуги кои ги обезбедува локалната самоуправа до крајните корисници. Листата на услуги што ги обезбедува ЕЛС опфаќа:

- опис на услугата која се обезбедува
- детално упатство за добивање на услугата
- ажурирани обрасци за поднесување на барање
- линк до веб-страницата каде услугата се обезбедува електронски (ако услугата се обезбедува електронски)

**Ажурирање:** Со настаната промена



## 2.5 Образование

### 2.5.1 Основни училишта на територијата на општината

ЕЛС објавува информации за основните училишта на територијата на општината. Информациите вклучуваат:

- Назив на училиште
- Тип (јавно/приватно)
- Адреса
- Број паралелки
- Број на ученици од машки род
- Број на ученици од женски род
- Вкупен број ученици
- Јазици на кои се изведува наставата
- Број на наставен кадар
- Број на помошен кадар
- Вкупен број вработени
- Контакт-телефон
- Е-пошта
- Веб-страница

**Ажурирање:** Годишно

### 2.5.2 Средни училишта на територијата на општината

ЕЛС објавува информации за средните училишта на територијата на општината. Информациите вклучуваат:

- Назив на училиште
- Тип (јавно/приватно)
- Адреса
- Број паралелки
- Број на ученици од машки род
- Број на ученици од женски род
- Вкупен број ученици
- Јазици на кои се изведува наставата
- Број на наставен кадар
- Број на помошен кадар
- Вкупен број вработени
- Контакт-телефон
- Е-пошта
- Веб-страница

**Ажурирање:** Годишно



## 2.6 Култура

### 2.6.1 Објекти/институции од областа на културата на територијата на општината (локални и национални)

ЕЛС објавува информации за сите објекти/институции од областа на културата на територијата на општината. Информациите вклучуваат:

- Назив на објектот/институцијата
- Адреса
- Опис
- Работно време
- Контакт-телефон
- Е-пошта
- Веб-страница

**Ажурирање:** Со настаната промена

### 2.6.2 Споменици и спомен-обележја на територијата на општината

ЕЛС објавува информации за сите споменици и спомен-обележја на територијата на општината. Информациите вклучуваат:

- Назив на споменикот/спомен-обележјето
- Адреса
- Опис
- Инвеститор
- Автор
- Година на создавање

**Ажурирање:** Со настаната промена

## 2.7 Спорт

### 2.7.1 Спортски објекти на територијата на ЕЛС (јавни и приватни)

ЕЛС објавува информации за сите спортски објекти на територијата на општината (јавни и приватни). Информациите вклучуваат:

- Назив на објектот
- Адреса
- Опис
- Работно време
- Контакт-телефон
- Е-пошта

**Ажурирање:** Со настаната промена

### 2.7.2 Спортски клубови на територијата на ЕЛС

ЕЛС ги објавува следните информации за сите спортски клубови на територијата на општината:

- Назив
- Адреса
- Вид спорт
- Опис
- Работно време
- Контакт-телефон
- Е-пошта
- Веб-страница

**Ажурирање:** Со настаната промена

## 2.8 Животна средина

### 2.8.1 Загадувачки супстанции во воздухот во општината

ЕЛС еднаш годишно објавува извештај за концентрацијата на загадувачките супстанции во воздухот. Извештајот опфаќа:

- Просек / максимална вредност во месец и година
- Број на мерења во тековниот месечен период
- Просечна месечна вредност на PM 10 во $\mu g/m^3$
- Максимална месечна вредност на PM 10 во $\mu g/m^3$
- Просечна месечна вредност на PM 2,5 во $\mu g/m^3$
- Максимална месечна вредност на PM 2,5 во $\mu g/m^3$
- Просечна месечна вредност на $NO_2$ во $\mu g/m^3$
- Максимална месечна вредност на $NO_2$ во $\mu g/m^3$
- Просечна месечна вредност на CO во $\mu g/m^3$
- Максимална месечна вредност на CO во $\mu g/m^3$
- Просечна месечна вредност на $O_3$ во $\mu g/m^3$
- Максимална месечна вредност на $O_3$ во $\mu g/m^3$
- Просечна месечна вредност на $SO_2$ во $\mu g/m^3$
- Максимална месечна вредност на $SO_2$ во $\mu g/m^3$

**Ажурирање:** Годишно

### 2.8.2 Загадувачи од Б-категорија на територијата на општината

ЕЛС објавува информации за сите загадувачи од Б-категорија на територијата на општината. Информациите вклучуваат:

- Назив на субјект
- Адреса
- Опис (казни, забрана на работа, преземени заштитни мерки)

**Ажурирање:** Годишно

### 2.8.3 Производство на отпад

ЕЛС објавува информации за производството на отпад на територијата на општината. Информациите вклучуваат:

- Реден број
- Вид отпад
- Број од листата на видовите отпад
- Количина на отпад на годишно ниво изразено во тони или литри
- Начин на постапување со отпадот (преработка, складирање, предавање, отстранување и слично)
- Назив на правното лице кое постапува со отпадот и локација каде се отстранува отпадот (депонија)

**Ажурирање:** Годишно

### 2.8.4 Доделени Б-интегрирани еколошки дозволи

ЕЛС објавува информации за сите доделени Б-интегрирани еколошки дозволи. Информациите вклучуваат:

- Број на дозвола
- Име на компанија (оператор)
- Адреса
- Број на регистрација на компанијата
- Цело име на инсталацијата
- Адреса
- Датум

**Ажурирање:** Годишно

## 2.9 Локален економски развој

### 2.9.1 Субјекти кои нудат угостителски услуги на територијата на општината

Се објавуваат информации за сите субјекти кои нудат угостителски услуги на територијата на општината. Информациите вклучуваат:

- Назив на субјект
- Адреса
- Опис
- Работно време
- Контакт-лице
- Контакт-телефон
- Е-пошта
- Веб-страница

**Ажурирање:** Годишно

### 2.9.2 Субјекти кои нудат туристички услуги на територијата на општината

Се објавуваат информации за сите субјекти кои нудат туристички услуги на територијата на општината. Информациите вклучуваат:

- Назив на субјект
- Адреса
- Опис
- Работно време
- Контакт-лице
- Контакт-телефон
- Е-пошта
- Веб-страница

**Ажурирање:** Годишно

## 2.10 Урбанизам

### 2.10.1 Предлог генерални/детални урбанистички планови

Предлог генералниот/деталниот урбанистички план се објавува согласно законскиот рок определен за консултација, со можност за забелешки од страна на граѓаните во електронска форма.

**Ажурирање:** Со започнување на процесот на консултација

ЕЛС објавува извештај за извршените консултации за генералниот/деталниот урбанистички план по завршувањето на процесот на консултации, заедно со доставување на предлогот за усвојување од страна на Советот кој содржи информации за времетраењето на консултациите, опфатот, предлозите и забелешките, што е прифатено и она што не е прифатено – проследено со образложение.

### 2.10.2 Усвоени генерални/детални урбанистички планови

Веднаш по усвојувањето на генералниот/деталниот урбанистички план, тој се објавува.

ЕЛС објавува извештај за извршените консултации за генералниот/деталниот урбанистички план (веднаш по донесувањето на планот) кој содржи информации за времетраењето на консултациите, опфатот, предлозите и забелешките, што е прифатено и она што не е прифатено – проследено со образложение.

ЕЛС објавува листа на усвоени генерални/детални урбанистички планови. Листата најмалку содржи:

- Опис
- Датум на донесување
- Број на одлука на Совет (кога е усвоен)
- Линк

**Ажурирање:** Веднаш по усвојување

### 2.10.3 Јавен транспорт

ЕЛС објавува информации за јавниот транспорт кој се извршува на територијата на општината.

ЕЛС ги објавува следните податоци за јавното претпријатие кое го обезбедува транспортот:

- Назив на јавно претпријатие
- Адреса

- Опис
- Контакт-лице
- Контакт-телефон
- Е-пошта
- Веб-страница

**Ажурирање:** Со настаната промена

ЕЛС го објавува возниот ред на јавниот транспорт на ниво на општината, вклучувајќи информации за:

- Линијата на јавниот транспорт
- Време на поаѓање
- Место на поаѓање
- Релација

**Ажурирање:** Со настаната промена

### 2.10.4 Паркинзи на територијата на општината

ЕЛС објавува информации за сите паркинзи на територијата на општината. Информациите вклучуваат:

- Адреса
- Број паркинг-места (вкупно)
- Број паркинг-места за лица со инвалидност
- Работно време
- Цена

**Ажурирање:** Годишно



### 2.10.5 Издадени одобренија за градба

ЕЛС објавува листа на издадени одобренија за градба. Информациите вклучуваат:

- Деловоден (управен) број
- Издадено одобрение
- Правно или физичко лице
- Адреса на барателот
- Вид објект (намена)
- Износ

**Ажурирање:** Полугодишно

## 2.11 Комунални дејности

### 2.11.1 Превозници и моторни возила регистрирани за вршење превоз на патници и стока во патниот сообраќај

ЕЛС објавува информации за сите превозници и моторни возила регистрирани за вршење превоз на патници и стока во патниот сообраќај кои вклучуваат:

- Назив на превозникот
- Контакт-телефон, е-пошта
- Седиште на превозникот
- Број на издадена лиценца
- Важност на издадена лиценца
- Вид превози за кои е издадена лиценцата, марка, тип и регистарски број

**Ажурирање:** Годишно

## 2.12 Социјална заштита

### 2.12.1 Установи за социјална заштита на различни категории граѓани (локални и национални) на територијата на општината

ЕЛС објавува информации за сите установи за социјална заштита на различни категории граѓани (локални и национални) на територијата на општината кои вклучуваат:

- Назив на установа
- Адреса
- Опис
- Тип социјална заштита
- Контакт-лице
- Контакт-телефон
- Е-пошта
- Веб-страница

**Ажурирање:** Со настаната промена

### 2.12.2 Корисници на еднократна парична помош

ЕЛС објавува информации за корисниците на еднократна парична помош доделена од локалната самоуправа, не опфаќајќи ги личните податоци на корисниците, а вклучувајќи информации за:

- Број на корисници
- Намена
- Износ по корисник
- Вкупен износ

**Ажурирање:** Годишно

ЕЛС го објавува електронскиот образец за поднесување на барање за еднократна парична помош.

## 2.13 Детски градинки и домови за стари лица

### 2.13.1 Детски градинки

ЕЛС објавува информации за сите јавни и приватни градинки на територијата на општината, вклучувајќи ги следните податоци:

- Назив на градинка
- Адреса
- Тип градинка (јавна/приватна)
- Вкупен број занимални/простории за одмор
- Број на групи (јазик на кој се водат групите)
- Вкупен капацитет на деца
- Слободен капацитет на деца
- Вкупен број вработени
- Број на воспитен кадар
- Број на згрижувачки кадар
- Контакт-телефон
- Е-пошта
- Веб-страница

ЕЛС објавува електронски образец за пријавување на дете во детска градинка.

**Ажурирање:** Полугодишно

### 2.13.2 Домови за стари лица

ЕЛС објавува информации за сите јавни и приватни домови за стари лица на територијата на општината, вклучувајќи ги следните податоци:

- Назив на дом
- Адреса
- Тип дом (јавен/приватен)
- Вкупен капацитет за стари лица
- Слободен капацитет за стари лица
- Вкупен број вработени
- Број на згрижувачки кадар
- Контакт-телефон
- Е-пошта
- Веб-страница

**Ажурирање:** Полугодишно

## 2.14 Граѓански организации кои дејствуваат на територијата на општината

### 2.14.1 Листа на граѓански организации кои дејствуваат на територијата на општината

ЕЛС објавува листа на граѓанските организации кои дејствуваат на територијата на општината, вклучувајќи ги следните податоци:

- Назив
- Адреса
- Опис на дејствување
- Година на регистрација
- Контакт-лице
- Контакт-телефон
- Е-пошта
- Веб-страница

**Ажурирање:** Годишно

### 2.14.2 Проекти со граѓански организации

Се објавува секој јавен повик за соработка со ГО, заедно со упатство и формулар за пријавување на повикот.

ЕЛС објавува годишен извештај за реализираната соработка со ГО кој ги вклучува следните информации:

- Граѓанска организација со која е реализирана соработката
- Вредност на проектот
- Временска рамка
- Учество на ЕЛС во проектот

# Отворени податоци на ЕЛС: Преглед на податочните сетови и структура на податочните сетови

3.

| Назив на податочен сет | Структура на податочен сет | Ажурирање |
|---|---|---|
| **Трошоци над 30.000,00 денари** | ▸ Датум на направен трошок/плаќање<br>▸ Правно лице/Физичко лице кон кое е извршено плаќањето<br>▸ Вредност на трошокот во денари<br>▸ Основ за трошокот | Месечно |
| **Годишен план за јавни набавки** | ▸ Реден број на постапката<br>▸ Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба<br>▸ Шифра од ОПЈН<br>▸ Очекуван почеток на постапката (месецот кога ќе се објави огласот)<br>▸ Проценета вредност на договорот/рамковната спогодба | Со донесувањето на годишниот план за јавни набавки |
| **Објавени јавни набавки** | ▸ Број на оглас<br>▸ Предмет на договорот за јавна набавка<br>▸ Проценета вредност на договорот (без ДДВ – денари)<br>▸ Вид на постапката која се користи<br>▸ Критериум за доделување на договор<br>▸ Тендерска документација<br>▸ Рок за доставување понуди<br>▸ Линк до ЕСЈН | Квартално |
| **Склучени Договори за јавни набавки** | ▸ Број на договор (архивски број на договорниот орган)<br>▸ Предмет на договорот<br>▸ Спроведена по број и датум на постапка за јавна набавка<br>▸ Назив на носителот на набавката со кој е склучен Договорот<br>▸ Вредност на договорот (без ДДВ – денари) | Квартално |
| **Предлог-буџет на ЕЛС** | Структура согласно Законот за буџетите | Годишно – по донесување на предлог-буџетот |
| **Усвоен Буџет на ЕЛС** | Структура согласно Законот за буџетите | Годишно – по усвојување на предлог-буџетот |
| **Завршна сметка** | Структура согласно Законот за буџетите | Годишно – по донесување на завршната сметка |
| **Членови на совет** | ▸ Име и презиме<br>▸ Фотографија<br>▸ Национална припадност<br>▸ Пол<br>▸ Степен на образование<br>▸ Партија<br>▸ Е-пошта<br>▸ Контакт-телефон | По секоја настаната промена |

| Назив на податочен сет | Структура на податочен сет | Ажурирање |
|---|---|---|
| **Седници на совет** | ▸ Година<br>▸ Број<br>▸ Датум<br>▸ Редовна/Вонредна<br>▸ Дневен ред<br>▸ Записник од одржаната седница | Квартално |
| **Комисии/тела на Советот** | ▸ Назив на комисијата/телото<br>▸ Име и презиме<br>▸ Функција (претседател/член)<br>▸ Е-пошта<br>▸ Контакт-телефон | Со настаната промена |
| **Службени гласници** | ▸ Година<br>▸ Број<br>▸ Датум<br>▸ Линк до објавен службен гласник | Квартално |
| **Стратешки документи** | ▸ Назив на стратешкиот документ<br>▸ Датум на усвојување<br>▸ Опис на стратешкиот документ<br>▸ Линк | По секоја настаната промена |
| **Урбани и месни заедници** | ▸ Назив на урбаната/месната заедница<br>▸ Тип (урбана/месна заедница)<br>▸ Име и презиме на Претседателот на урбаната/месната заедница<br>▸ Адреса<br>▸ Географски координати<br>▸ Е-пошта<br>▸ Контакт-телефон | Годишно |
| **Проекти на ЕЛС** | ▸ Назив на проектот<br>▸ Опис на проектот<br>▸ Период на реализација<br>▸ Вредност на проектот<br>▸ Учество на општината во вредноста на проектот (процент)<br>▸ Статус на проектот (Во план / Во тек / Реализиран) | Полугодишно |
| **Услуги** | ▸ Назив на услугата<br>▸ Наменета за (физички/правни лица)<br>▸ Опис на услугата<br>▸ Одговорна организациона единица за услугата<br>▸ Контакт-телефон од одговорната организациона единица<br>▸ Е-пошта од одговорната организациона единица<br>▸ Образец за барање за услугата<br>▸ Кратко упатство за услугата<br>▸ Број корисници на годишно ниво<br>▸ Линк до веб-страницата каде услугата се обезбедува електронски (ако е достапна услугата електронски) | Со настаната промена |

| Назив на податочен сет | Структура на податочен сет | Ажурирање |
|---|---|---|
| **Основни училишта на територијата на општината** | ▸ Назив на училиште<br>▸ Тип (јавно/приватно)<br>▸ Адреса<br>▸ Географски координати<br>▸ Број паралелки<br>▸ Број ученици од машки род<br>▸ Број ученици од женски род<br>▸ Вкупен број ученици<br>▸ Јазици на кои се изведува наставата<br>▸ Број на наставен кадар<br>▸ Број на помошен кадар<br>▸ Вкупен број вработени<br>▸ Контакт-телефон<br>▸ Е-пошта<br>▸ Веб-страница | Годишно |
| **Средни училишта на територијата на општината** | ▸ Назив на училиште<br>▸ Тип (јавно/приватно)<br>▸ Адреса<br>▸ Географски координати<br>▸ Број паралелки<br>▸ Број на ученици од машки род<br>▸ Број на ученици од женски род<br>▸ Вкупен број ученици<br>▸ Јазици на кои се изведува наставата<br>▸ Број на наставен кадар<br>▸ Број на помошен кадар<br>▸ Вкупен број вработени<br>▸ Контакт-телефон<br>▸ Е-пошта<br>▸ Веб-страница | Годишно |
| **Објекти/институции од областа на културата на територијата на општината** | ▸ Назив на објектот/институцијата<br>▸ Адреса<br>▸ Географски координати<br>▸ Опис<br>▸ Работно време<br>▸ Контакт-телефон<br>▸ Е-пошта<br>▸ Веб-страница | Со настаната промена |

| Назив на податочен сет | Структура на податочен сет | Ажурирање |
|---|---|---|
| **Споменици и спомен-обележја на територија на општината** | ▸ Назив на споменикот/спомен-обележјето<br>▸ Адреса<br>▸ Географски координати<br>▸ Опис<br>▸ Инвеститор<br>▸ Автор<br>▸ Година на создавање | Со настаната промена |
| **Спортски објекти на територијата на општината** | ▸ Назив на објектот<br>▸ Адреса<br>▸ Географски координати<br>▸ Опис<br>▸ Работно време<br>▸ Контакт-телефон<br>▸ Е-пошта | Со настаната промена |
| **Спортски клубови на територијата на општината** | ▸ Назив<br>▸ Адреса<br>▸ Географски координати<br>▸ Вид спорт<br>▸ Опис<br>▸ Работно време<br>▸ Контакт-телефон<br>▸ Е-пошта<br>▸ Веб-страница | Со настаната промена |
| **Загадувачки супстанции во воздухот во општината** | ▸ Просек / реално време / максимална вредност во месец и година<br>▸ Број на мерења во тековниот месечен период<br>▸ Просечна месечна вредност на PM 10 во µg/$m^3$<br>▸ Реално време / вредност на PM 10 во µg/$m^3$<br>▸ Максимална месечна вредност на PM 10 во µg/$m^3$<br>▸ Просечна месечна вредност на PM 2,5 во µg/$m^3$<br>▸ Реално време / вредност на PM 2,5 во µg/$m^3$<br>▸ Максимална месечна вредност на PM 2,5 во µg/$m^3$<br>▸ Просечна месечна вредност на $NO_2$ во µg/$m^3$<br>▸ Реално време / вредност на $NO_2$ во µg/$m^3$<br>▸ Максимална месечна вредност на $NO_2$ во µg/$m^3$<br>▸ Просечна месечна вредност на CO во µg/$m^3$<br>▸ Реално време / вредност на CO во µg/$m^3$<br>▸ Максимална месечна вредност на CO во µg/$m^3$<br>▸ Просечна месечна вредност на $O_3$ во µg/$m^3$<br>▸ Реално време /вредност на $O_3$ во µg/$m^3$<br>▸ Максимална месечна вредност на $O_3$ во µg/$m^3$<br>▸ Просечна месечна вредност на $SO_2$ во µg/$m^3$<br>▸ Реално време / вредност на $SO_2$ во µg/$m^3$<br>▸ Максимална месечна вредност на $SO_2$ во µg/$m^3$ | Годишно |
| **Загадувачи од Б-категорија на територијата на општината** | ▸ Назив на субјект<br>▸ Адреса<br>▸ Географски координати<br>▸ Опис | Годишно |

| Назив на податочен сет | Структура на податочен сет | Ажурирање |
|---|---|---|
| **Производство на отпад** | ▸ Реден број<br>▸ Вид отпад<br>▸ Број од листата на видовите отпад<br>▸ Количина на отпад на годишно ниво изразено во тони или литри<br>▸ Начин на постапување со отпадот (преработка, складирање, предавање, отстранување и слично)<br>▸ Назив на правното лице кое постапува со отпадот и локација каде се отстранува отпадот (депонија) | Годишно |
| **Доделени Б-интегрирани еколошки дозволи** | ▸ Број на дозвола<br>▸ Име на компанија (оператор)<br>▸ Адреса<br>▸ Географски координати<br>▸ Број на регистрација на компанијата<br>▸ Цело име на инсталацијата<br>▸ Адреса<br>▸ Датум | Годишно |
| **Субјекти кои нудат угостителски услуги на територијата на општината** | ▸ Назив на субјект<br>▸ Адреса<br>▸ Географски координати<br>▸ Опис<br>▸ Работно време<br>▸ Контакт-лице<br>▸ Контакт-телефон<br>▸ Е-пошта<br>▸ Веб-страница | Годишно |
| **Субјекти кои нудат туристички услуги на територијата на општината** | ▸ Назив на субјект<br>▸ Адреса<br>▸ Географски координати<br>▸ Опис<br>▸ Работно време<br>▸ Контакт-лице<br>▸ Контакт-телефон<br>▸ Е-пошта<br>▸ Веб-страница | Годишно |
| **Генерални/детални урбанистички планови** | ▸ Опис<br>▸ Датум на донесување<br>▸ Број на одлука на Совет (кога е усвоен)<br>▸ Линк | Веднаш по усвојување |
| **Возен ред на јавен транспорт** | ▸ Број на линија<br>▸ Тип линија<br>▸ Време на поаѓање<br>▸ Место на поаѓање<br>▸ Релација | Со настаната промена |
| **Паркинзи на територијата на општината** | ▸ Адреса<br>▸ Географски координати<br>▸ Број паркинг-места (вкупно)<br>▸ Број паркинг-места за лица со инвалидност<br>▸ Работно време<br>▸ Цена | Годишно |
| **Издадени одобренија за градба** | ▸ Деловоден (управен) број<br>▸ Издадено одобрение<br>▸ Правно или физичко лице<br>▸ Адреса на барателот<br>▸ Вид објект (намена)<br>▸ Износ | Полугодишно |

| Назив на податочен сет | Структура на податочен сет | Ажурирање |
|---|---|---|
| **Превозници и моторни возила регистрирани за вршење на превоз на патници и стока во патниот сообраќај** | ▸ Назив на превозникот<br>▸ Контакт-телефон, е-пошта<br>▸ Седиште на превозникот<br>▸ Број на издадена лиценца<br>▸ Важност на издадена лиценца<br>▸ Вид превози за кои е издадена лиценцата, марка, тип и регистарски број | Годишно |
| **Установи за социјална заштита на различни категории на граѓани (локални и национални) на територијата на општината** | ▸ Назив на установа<br>▸ Адреса<br>▸ Географски координати<br>▸ Опис<br>▸ Тип социјална заштита<br>▸ Контакт-лице<br>▸ Контакт-телефон<br>▸ Е-пошта<br>▸ Веб-страница | Со настаната промена |
| **Детски градинки** | ▸ Назив на градинка<br>▸ Адреса<br>▸ Географски координати<br>▸ Тип градинка (јавна/приватна)<br>▸ Вкупен број занимални/простории за одмор<br>▸ Број на групи (јазик на кој се водат групите)<br>▸ Вкупен капацитет на деца<br>▸ Слободен капацитет на деца<br>▸ Вкупен број вработени<br>▸ Број на воспитен кадар<br>▸ Број на згрижувачки кадар<br>▸ Контакт-телефон<br>▸ Е-пошта<br>▸ Образец за пријавување на дете<br>▸ Веб-страница | Полугодишно |
| **Домови за стари лица** | ▸ Назив на дом<br>▸ Адреса<br>▸ Географски координати<br>▸ Тип дом (јавен/приватен)<br>▸ Вкупен капацитет за стари лица<br>▸ Слободен капацитет за стари лица<br>▸ Вкупен број вработени<br>▸ Број на згрижувачки кадар<br>▸ Контакт-телефон<br>▸ Е-пошта<br>▸ Веб-страница | Полугодишно |
| **Граѓански организации на територијата на општината** | ▸ Назив<br>▸ Адреса<br>▸ Опис на дејствување<br>▸ Година на регистрација<br>▸ Контакт-лице<br>▸ Контакт-телефон<br>▸ Е-пошта<br>▸ Веб-страница | Годишно |

**Центар за управување со промени**
ул. Рајко Жинзифов бр. 44-1, Скопје
тел.: +389(0)2 6092-216
е-пошта: info@cup.org.mk
веб: www.cup.org.mk

**Центар за одржлив развој АЛКА**
Бул. Партизански одреди бр. 62-1/16, Скопје
тел.: + 389(0)2 3214-505
е-пошта: alka@alka.org.mk
веб: www.alka.mk



Проектот – Граѓанинот на прво место – е имплементиран од страна на Центарот за управување со промени во партнерство со Центарот за одржлив развој – АЛКА. Соработници во проектот се Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за локална самоуправа. Проектот е финансиран од страна на Европската Делегација преку Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД), а кофинансиран од Британската амбасада.

Проектот се фокусира на подобрување на транспарентноста на единиците на локалните самоуправи преку воспоставување стандарди за отворени податоци на локално ниво, со цел подобро вклучување на граѓаните и граѓанските организации во следењето на работата и донесувањето одлуки од страна на општините.